

Зетовска носија, Долни Дримкол, с. Дренок (лево) и Струшка носија, Горни Дримкол (20-ите години од XX век).

**Дримкол** — етногеографски предел во југозападниот дел на Македонија, на границата со Албанија. Името го добил од реката Дрим и турскиот збор *„кол“* што значи *одред војска* или *стража*; *жупа*.

Се простира на запад од реката Црни Дрим, по источните страни на планината Јабланица. На југ допира до брегот на Охридското Езеро, а на север до Дебарска Жупа. Се дели на Струшки или Горни Дримкол на југ и Дебарски или Долни Дримкол[2] на север. Струшкиот Дримкол е поголем и се шири на дел од Струшко Поле, а дебарски Дримкол е планинско-ридест крај. Покрај источната периферија на двата Дримкола води регионален пат кој го поврзува пределот на север со Дебар и на југ со Струга. На запад, од Струга преку Ќафасан, води меѓународен пат кој го поврзува Д. со Албанија. Во Дримколската Клисура се изградени две вештачки акумулации, Глобочица и Шпилје, на кои се подигнати и две електроцентрали. Кај селото Пискупштина е откриен јаглен со резерви од околу 3,5 милиони тони и тој се експлоатира. Главно занимање на дримколци во Струшко Поле е земјоделството, а во јабланичките села сточарството. Значаен дел од населението е заминато на привремена работа во странство.

